Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македонија" Бр.58/00, 44/02, 82/0, 167/10 и 51/11), а во врска со член 9-а и член 9-б од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија" број 7/05, 103/08, 124/10, 135/11, 43/14, 153/15 и 99/16), министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ ВИДЕО МОНИТОРИНГ
# ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ

## Член 1

Со овој Правилник се уредува начинот на вршење видео мониторинг во Министерството за финансии-Проектната единица за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст-Детска градинка-Мини фини буџетчиња (во понатамошниот текст – Министерството).

Видео мониторинг се врши заради заштита на животот и здравјето на вработените и другите лица во Министерството, заштита на имотот и контрола над влегувањето и излегувањето од истото.

## Член 2

Видео мониторингот се врши со опрема која се состои од камери и монитори.

Системот за видео мониторинг се наоѓа во просториите на Министерството.

## Член 3

Во просториите на Министерството во кои се врши видео мониторинг, се истакнува известување во кое се содржани информации за вршењето на видео мониторингот.

Известувањето од став 1 на овој член е во Прилог број 1 на овој Правилник.

## Член 4

Видео мониторингот во Министерството се врши преку:

- 2 камери кои емитуваат слика која не е во боја и се поставени од надворешната страна од влезните врати на Проектната единица за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст-Детска градинка-Мини фини буџетчиња, на ул.„Даме Груев" бб, 1000 Скопје, катна гаража Тодор Александров.

## Член 5

Со видео мониторингот се следи просторот од влезно/излезните врати на Проектната единица.

## Член 6

Овластување за вршење на видео мониторинг дава министерот за финансии.

Овластеното лице за вршење на видео мониторингот е должно да потпише изјава за заштита на личните податоци до кои ќе дојде во текот на видео мониторингот.

Член 7

Овластеното лице за вршење на видео мониторингот е должно да води дневник во кој описно ќе ги евидентира неочекуваните настани коишто ќе ги регистрира при видео мониторингот.

Содржината на текстот од став 1 на овој член овластеното лице ја потврдува со свој потпис.

Во случај на појава на неочекувани настани, овластеното лице за вршење на видео мониторингот го известува министерот за финансии.

Член 8

Со денот на влегување во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за начинот на вршење на видео мониторинг во Министерството за финансии број 03-22180/1 од 26.06.2013 година.

Член 9

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето на огласна табла во Министерство за финансии.

МИНИСТЕР ЗА ФИНАНСИИ
д-р Драган Тевдовски

Бр. 03-6425/1
12-10-2017 2017 година

Изработил: Верица Стоилова
Проверил: Михајло Михајловски
м-р Татјана Трајковска

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
IV
СКОПЈЕ

# Овој простор е под видео мониторинг

контролор: Министерство за финансии

контакт: 02 3 255 619, 02 3 255 621